# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ МОНТАЖА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима во Скопје, на седницата одржана на ден 29.06.2020 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ Монтажа** во сите наставно научни звања на Факултетот за за филмски уметности.
На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ Монтажа**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 17 јуни 2020 година, се пријави и поднесе документација кандидатот: **М-р Миле Петковски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш**

**Проф. Мишо Нетков**
и
**Проф. Роберт Јанкулоски**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

Во последниот изборен период, како континуитет во изведување на наставата М-р Миле Петковски се посветува на подобрување на методолошко педагошкиот пристап во изведување на наставните содржини со студентите.

Миле Петковски роден на 26.12.1952 год. во Скопје, дипломирал на Факултетот за Драмски Уметности во Белград на отсекот за Филмска и ТВ монтажа во 1991 година. Уште за време на студиите покрај студирањето работи како филмски и тонски монтажер во Телевизија Скопје, денешна Македонска Телевизија и Вардар филм. Меѓу поважните проекти од неговата работа во тој период ги издвојува: „Срećна Нова 49-та“, „Македонски народни приказни” (120 епизоди), „Републиката во пламен”, „Дмбени”, ,,Бушава азбука”, „Оловна бригада”, ,,По црвените врвици” (7 епизоди), ,,Непобедените”, „Инконтинуо“ и многу други. Во рамките на неговата работа во МТВ со документарниот филм ,,Големата преселба на телевизија” има освоено награда за монтажа на филмскиот фестивал во Словенија. Во тој период бил член на здружението на ТВ техника и технологија на Југославија.

Како продуцент во сопственото студио ВС Петковски основано во 2000 година работи на повеќе истакнати проекти како филмот „Стапица“, Македонски стари приказни (60 епизоди), детскиот образовен серијал „Разиграни бројки“ (10 епизоди), голем број на реклами за маркентинг на Рено, Ауди, Подравка, Варус итн.

Во 2011 година Миле Петковски магистрира на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј од Скопје”, при Институтот за Македонска литература на тема „Македонските обичаи во периодот на некрстените денови“ при што се стекнува со звање магистер по културолошки науки. Истата година станува и дел од основачкиот тим на Универзитетот ЕСРА како еден од идејните творци на наставната програма и структура на универзитетот и како професор по предметите филмска монтажа, тонска монтажа и филмска техника и технологија на додипломски и последипломски студии. Истата година е и избран за Доцент и Шеф на катедрата за монтажа на Универзитетот за аудиовизуелни уметности.

По долгогодишното искуство во областа на образованието на 30 март 2015 година е избран како Проректор за настава при Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕФТА Скопје. Во неговата класа до сега дипломираа девет класи на студенти, кои се активно вклучени во повеќе проекти, медиуми и продукциски куќи. Носител е на повеќе национални и меѓународни признанија, а тој е и еден од основачите на Лабораторијата за реставрација и заштита на аудиовизуелното наследство при Универзитетот за аудиовизуелните уметности.

Во периодот од 2015 до денес Миле Петковски изработил три краткометражни филмови со наслов: ,,35 години Кинотека” (2015), „Паган“ (2017), „Аутоматон“ (2017), „Јов“ (2109), и Кафез (2020); еден музички филм ,,Ентерпрајз” (2015) ), еден краткометражен документарен филм ,,Фестивал” (2015) и еден долгометражен документарен филм под наслов „Писмото ми го донесе шампионот“ (2019). Во 2016 година активно работи на дополнување на серијалот ,,Македонски стари приказни” со нови 20 епизоди, а во текот на 2017 година на дополнителни 5 епизоди од детскиот образовен серијал „Разиграни бројки“.

Во 2017 година ја издава книгата под наслов ,,Преса”, првиот учебник за филмската и ТВ монтажата издаден на Македонски јазик. Миле Петковски е автор е на повеќе научни трудови во списанието „Линк“ од областа на филмот и телевизијата, активно учествува на филмски и телевизиски фестивали во земјата и во странство, а во моментов работи на неколку нови документарни проекти.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **М-р Миле Петковски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Редовен професор** по група предмети од областа **Филмска и ТВ Монтажа** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

________________________________

**Проф. Мишо Нетков**

________________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски**

________________________________

**Скопје**
**17.07.2020**